# Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга

**Службен весник на Р. Македонија бр.114 од 14.09.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај ЕБОР по Договорот за Проектот Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во Куманово, Велес, Штип, Струмица, Охрид/Струга ("Службен весник на Република Македонија" бр.107/2000), членот 6 се менува и гласи:

"(1) Во случај Република Македонија преку Министерството за финансии, во име на крајните корисници да изврши плаќање на пресметаните ануитети утврдени согласно со договорите склучени со Министерството за финансии, Министерството за финансии има право на наплата на достасаното побарување кое вклучува главнина, камата, затезна камата и други трошоци настанати заради неможност на крајниот корисник на кредитот да изврши сервисирање на обврската настаната на датумот на пристигнување и во рок од 30 дена да ги примени мерките на наплата на средствата од општината/општините основачи на јавните претпријатија согласно со Законот за јавен долг.

(2) Министерството за финансии, за достасаните обврски по основ на кои извршило плаќање, може за наплата на достасаните побарувања од крајните корисници на кредитот, да им овозможи репрограм на долгот, со рок на отплата до 36 месечни рати и пресметка на редовна камата, во висина на есконтната каматна стапка на Народната банка на Република Македонија."

**Член 2**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".